Г.Ф. МАТВЕЕВ (Русија)

# ПОЛСКАТА ДИПЛОМАТИЈА И ИВАН МИХАЈЛОВ ВО 1938 ГОДИНА

Животот и дејноста на Иван Михајлов, кој долги години бил лидер на ВМРО, одамна привлекувал засилено внимание на историчарите и публицистите. Тоа не е случајно, зашто И. Михајлов не бил само политичар и деец на македонското националноослободително движење, туку и учесник и организатор на многу, по зло познати терористички акции во меѓувоениот период. Неговото име посебно е поврзувано со подготовките на убиството на српскиот крал Александар и францускиот министер за надворешни работи Л. Барту во Марсеј во 1934 година. Поради својата дејност тој во отсуство бил осуден на смртна казна во Југославија, Грција и Бугарија.

Роден е во Штип, но од 1918 година постојано живеел во Бугарија. По државниот преврат во таа земја во 1934 година и формирањето на владата на К. Георгиев, којшто водел политика на зближување со Франција и со нејзините балкански сојузници и во врска со тоа си поставил задача да ја уништи ВМРО, која пред тоа доста слободно дејствувала во Бугарија, И. Михајлов бил принуден 4 месеци да се крие од новите власти, а потоа заедно со својата сопруга нелегално да ја премине турската граница. Од Турција, тој имал намера да отпатува во некоја од европските или американските земји, каде што имало големи колонии емигранти од Македонија, но турските власти не му го дозволиле тоа, сметајќи го за некој вид заложник[1]. Како последица на тоа Михајлов се задржал во Турција 4 години. Во почетокот тој живеел во Кастамона, потоа 3 години во Анкара, а последните 8 месеци пред заминувањето од Турција - во Бујук-Ада кај Истамбул. За сето тоа време Михајлов бил под строг полициски надзор.

Зближувањето на Бугарија со земјите на Балканската Антанта, кое почна во 1938 година, придонесе И. Михајлов да биде несакан гостин во Турција. Во април-мај 1938 година турскиот министер за внатрешни работи, Шукри-Каја, неколкупати разговарал за И. Михајлов со бугарскиот пратеник Т. Христов. Тој настојувал Бугарија или да му даде амнестија, или да издејствува за него виза за САД или некоја друга земја[2].

[1] Teki Archiwalne, Warszawa, 1989, N 21, 265.

[2] В.К. Мынхенский сговор и балканские страны, Москва, 1973, 149.

Бугарската страна не брзала со официјалниот одговор, но, по сè изгледа, презела неформални чекори, дејствувајќи преку истакнати македонски дејци во Бугарија. Се разбира, на И. Михајлов најлесно би му било да им се обрати со молба за прибежиште на Италијанците или Германците, но од политичка гледна точка таквиот чекор би можел да му нанесе голема штета на македонското движење, кое и без тоа постојано било обвинувано за врските со специјалните служби на тие земји. Владите на Романија, Швајцарија, Англија и САД одбија да му дадат прибежиште, не сакајќи да ги расипуваат односите со Грција и Југославија. Во тие околности како можна земја за престој беше избрана Полска.

Во 1991 година познатиот полски научник Е. Томашевски во списанието "Теки Архивалъне" објави избор од 61 документ на полското Министерство за надворешни работи, кои се однесуваат на разни аспекти за давање политичко прибежиште на И. Михајлов и кои овозможуваат да се фрли дополнителна светлина на овој познат во научната литература факт[3]. Во свое време, фотокопиите на овие материјали кои се чуваат во Архивот на надворешната политика на Руската Федерација, веќе ги користел В. К. Волков. Повторното навраќање на овој проблем е диктирано од тоа што не се сите тврдења на В.К. Волков беспрекорни во научен однос, а на многу содржини тој едноставно не им обрнал внимание.

На 23 мај 1938 година полскиот пратеник во Софија, А. Тарновски, го посетиле познатите македонски дејци д-р Асен Татарчев и личниот другар на И. Михајлов, д-р Асен Аврамов, кој активно работел во Спомагателната организација на ВМРО[4], и ја предале молбата на И. Михајлов до полската влада да му даде прибежиште во таа земја. Желбата да се напушти Турција била мотивирана со неопходноста од подолг одмор и лекување, а изборот на Полска бил направен поради симпатијата на И. Михајлов кон полскиот народ, независната надворешна политика на оваа земја и поради отсуството кај неа на егоистични интереси во однос на македонското прашање. Во случај позитивно да се реши проблемот за политичко прибежиште, И. Михајлов се обврзувал да не води никаква политичка дејност за време на својот престој во Полска. Молителите не пропуштиле да искористат еден доста специфичен, но сосема умесен аргумент во полските услови на тоа време во полза на изборот токму на Полска: полската влада секогаш благонаклоно се однесуваше спрема македонските стремежи, како што докажуваат и статиите

[3] За тоа пишувале, посебно, В.К. Волков и С. Троебст врз основа на документи од советските и германските архиви.

[4] И. Михайлов. Спомени. Т. 4. Освободителна борба 1924-1934 г., (Продължение), (s.l.), 1973, 394-395.

на Ј. Пилсудски за балканската војна печатени во 1914 година во весникот "Стшелец".

Тарновски ја поддржал молбата на И. Михајлов, сметајќи дека позитивното решение на прашањето ќе овозможи "да ги придобиеме на наша страна влијателните во Бугарија и мошне активните македонски кругови надвор од нејзините граници", а што се однесува до бугарската влада, таа претпочита Михајлов да се наоѓа во Полска, а не во некоја друга земја. Пратеникот забележувал дека од тоа решение би можеле да бидат незадоволни Југословените, но нив лесно ќе можеме да ги убедиме објаснувајќи им дека во Полска Михајлов би бил за нив помалку опасен, отколку, на пример, во Италија[5].

Молбата на Михајлов не "остана во фиока". Неа ја поддржале влијателните соработници на полското Министерство за надворешни работи Т. Кобилјањски и М. Лубењски, а на 24 јуни министерот за надворешни работи, Ј. Бек, донел позитивно решение. Единствен услов било И. Михајлов да не води никаква политичка дејност од територијата на Полска. Притоа, во полското Министерство за надворешни работи сметале дека не мораат своите дејства да ги усогласат со бугарската и југословенската влада. За жал, постоечките документи не даваат одговор за мотивите за тоа решение на полското Министерство за надворешни работи. Волков смета дека полските владејачки кругови кои започнаа борба за чехословачкото наследство, сметаат дека на тој начин ќе ја зајакнат својата улога на Балканот[6]. Со тоа мислење тешко можеме да се согласиме, бидејќи Чехословачка на Балканот ја поддржувала Југославија која најмалку од сите била заинтересирана на Михајлов да му се даде макар и каква било можност за послободна политичка дејност. Најверојатно, полската дипломатија сметала дека ќе ја придобие благонаклоноста на Бугарија која имала важна улога во обезбедувањето транзит на воени материјали во случај на воен конфликт со Германија или СССР. Покрај тоа, таа во тоа време била убедена дека германската експанзија кон југоисточна Европа неизбежно ќе ја засегне многунационалната Југославија и можно е да доведе до територијални промени на Балканот, пред сѐ во македонскиот регион. За таквите претпоставки сведочат понатамошните чекори на Варшава во врска со случајот на И. Михајлов.

На 8 јули вицеминистерот Ј. Шембек упатил писмо до полскиот конзулат во Истанбул со дозвола да му се издаде на И. Михајлов влезна виза за Полска[7]. Се чинеше дека прашањето е дефинитивно решение и не би требало да се појават никакви проблеми, бидејќи турската влада се

---

[5] Teki Archiwalne, 1989, N 21, 265-266.

[6] В.К. Волков, Ук. соч. 150.

[7] Teki..., 266-267.

согласувала Михајлов да отпатува од земјата. Но, на 20 јули вицеконзулот во Истанбул, В. Рихлевич, се обратил до полското Министерство за надворешни работи со молба да ја потврдат согласноста за издавање влезна виза за Михајлов, бидејќи тој бил политички емигрант без државјанство. Во врска со тоа, требало да се реши прашањето со каков документ тој би можел да допатува во Полска. Според мислењето на правното одделение на политичкиот департмент на полското Министерство за надворешни работи, најдобро решение на проблемот би било турската страна да му издаде на Михајлов турски нансенски пасош*, кој потоа ќе биде заменет со соодветен полски документ. Во врска со тоа беше потребно да се извести полското Министерство за внатрешни работи за издавањето виза на Михајлов.

Одделението за национални прашања на полското Министерство за внатрешни работи немало ништо против доаѓањето на Михајлов, но приговори стигнале од страна на одделението за безбедност кое располагало со не многу конкретни податоци за тесните контакти на македонските организации со Украинската воена организација (УВО) и Организацијата на украинските националисти (ОУН), особено во периодот од 1932 до 1934 година. Затоа Министерството за внатрешни работи сметало дека пристигнувањето на Михајлов во Полска, пред да се разјасни прашањето и да се добијат податоци за тоа која организација тој ја претставува и какви се нејзините сегашни односи со спомнатите украински организации, би создало одредени проблеми. Сепак, по замешувањето на високопоставениот соработник на Министерството за надворешни работи, З. Ветулани, Министерството за внатрешни работи се согласило да им издаде влезни визи на Михајлов и неговата сопруга, но под услов тој да ги исполни следните услови:

1. Политичкото прибежиште во Полска да биде привремено, во зависност од однесувањето на Михајлов.

2. Местото на неговиот престој во Полска да биде во согласност со Министерството за надворешни работи.

3. Нансенскиот пасош на Михајлов да се замени со полски нансенски пасош.

4. По пристигнувањето во Полска Михајлов мора да го посети одделението за безбедност на Министерството за внатрешни работи за да го одреди местото на својот престој и да го замени пасошот.

5. Пред издавањето на визата конзулот во Истанбул мора да го запознае Михајлов со пред тоа формулираните услови, да добие од него ветување дека нема да контактира со ОУН и УВО и дека нема да врши никаква политичка дејност.

---

* Пасош што им се издавал на лица без државјанство (апатриди).

Оддолжувањето на издавањето виза на Михајлов предизвикало да се активира турската страна која се стремела колку што може поскоро да се спаси од тој, за неа многу незгоден, политички емигрант. На 25 јули вицеконзулот на Полска во Истанбул известил дека го посетил директорот на месната полиција кој го молел да се забрза решението за доставување влезна виза. Но, во тој момент проблемот почнал да се развива според класичното бирократско сценарио, бидејќи полското Министерство за надворешни работи не можело да не го земе предвид мислењето на колегите од Министерството за внатрешни работи кога станало збор за украинските националисти.

На 25 јули вицеминистерот за надворешни работи, М. Арцишевски, побарал од полското претставништво во Софија да собере податоци за ВМРО и нејзините контакти со украинските организации во Полска, при што за тие врски пишувал како за сосема очевидна работа. Слична наредба била испратена и до конзулот во Истанбул. Во врска со таа преписка беше разјаснет изворот на податоците за наводните контакти меѓу ВМРО, ОУН и УВО. Тоа беа документи во врска со процесот за убиството на полскиот министер за внатрешни работи, Б. Перацки, во 1934 година[8].

Оддолжувањето на издавањето виза на И. Михајлов го ставило во крајно двосмислена положба полскиот вицеконзул во Истанбул. На 26 јули во шифрираната телеграма до Министерството за надворешни работи тој се залагал за што поскоро решавање на проблемот, мотивирајќи го тоа со фактот дека наводно Михајлов веќе добил известување од Софија дека му е одобрена влезна виза во Полска. Затоа негирањето на тоа известување, како и разговорот со него за ВМРО, проследен со барањето да достави автобиографија и фотографии, би можело да предизвика непожелни разговори и претпоставки кај Михајлов и кај турската страна за врската на тоа одрекување со украинското прашање.

Ова гледиште го поддржал и полскиот пратеник во Софија, А. Тарновски, кој во своето писмо до вицеминистерот за надворешни работи на Полска, М. Арцишевски, известувал дека тој уште на 8 јули му јавил на А. Аврамов за согласноста да му се даде виза на Михајлов. Затоа се нашол во крајно незгодна положба кога на 26 јули од Аврамов дознал дека полскиот генерален конзул во Истанбул одбил да ја издаде визата под изговор дека нема соодветна согласност од Министерството за надворешни работи. Тарновски исто тврдел дека тој не знае ништо за контактите на ВМРО со УВО и ОУН, но тие, дури и да постоеле, во случај ако му се одобри на Михајлов полска виза, неизбежно ќе бидат прекинати. Пратеникот не заборавил уште еднаш да ги потенцира "искрените симпатии како на И. Михајлов, така и на неговите најблиски органи-

---

[8] Ibidem., 267-268.

зациски соработници спрема Полска, нивниот култ спрема јунаците на борбата на Полјаците за национална независност, особено кон маршал Пилсудски", а во заклучокот изразил убедување дека "добрите односи со Македонците за нас би можеле некогаш да бидат корисни"[9].

Веднаш по тоа писмо, веќе следниот ден, во Варшава била испратена шифрираната телеграма на А. Тарновски во која тој категорично негирал постоење на какви било врски меѓу Михајлов, ВМРО и украинските организации.

Дефинитивното решение било донесено во почетокот на август, по повлекувањето на поранешните приговори на Министерството за внатрешни работи. Во шифрираната телеграма испратена на 4 август во Истанбул М. Арцишевски одобрил да му се издаде на Михајлов влезна виза, но дури по добивањето писмена декларација од него дека тој нема никакви односи со украинските организации, нема да води во Полска, ниту од Полска никаква политичка дејност, како и автобиографија и фотографии. За донесеното решение бил известен и полскиот пратеник во Софија. Визата му била издадена на Михајлов на 9 август 1938 година.

И повторно настанал застој. На 12 август југословенскиот конзул во Истанбул, по наредба на своето Министерство за надворешни работи му изразил на полскиот конзул протест против издавањето полска виза на Михајлов поради тоа што - покрај другите престапи - тој зел учество во убиството на крал Александар. На 11 август полскиот пратеник во Југославија, Р. Дембицки, кој во тој момент бил во Блед, ја известил Варашава за молбата на белградската влада да не го пушта Михајлов во Полска како човек осуден на смртна казна во Југославија и Бугарија. По три дена тој пишувал дека приговорот на југословенската влада е предизвикан од желбата да се спречат компликациите кои би можеле да се појават кај полските власти во врска со доаѓањето на Михајлов во Полска. Во Белград, исто така, не се криело дека овој чекор на полската влада може негативно да се одрази на заемните односи, зашто месната јавност не би можела да ги сфати мотивите за престојот на Михајлов во Полска. Освен тоа било изразено стравување дека Михајлов кога ќе се најде во Полска би можел да ја обнови својата "дејност толку штетна за мирот на Балканот и особено за југословенско-бугарските односи". Денбицки, исто така, во полското Министерство за надворешни работи испратил извештај за штетната и терористичка дејност на Михајлов, што му го дало југословенското Министерство за надворешни работи.

На 17 август советникот на полското претставништво во Белград, П. Червињски, по телефон уште еднаш ја повторил молбата да се повлече решението да му се издаде на Михајлов влезна виза во Полска за да не се расипуваат односите со Југославија. Тој предложил излез од деликатната

[9] Ibid., 269-270.

за Полска положба, потшепнат од југословенските власти: бидејќи не може да се анулира веќе издадената виза, треба да се стори сè за да се спречи Михајлов да се качи на бродот. Тоа може да се среди, зашто Михајлов се подготвува да плови на полски брод[10].

Упорните молби на полските претставници во Белград вродиле со плод. На 17 август на адресата на конзулатот на Полска во Истанбул била испратена телеграма со порака да се спречи тргнувањето на Михајлов со полски брод до добивањето понатамошни инструкции. А на 18 август М. Арцишевски наредил да се анулира издадената виза на Михајлов и за тоа да се известат властите на Турција, како и амбасадите во Софија и Белград. На 19 август, во првата половина на денот визата била анулирана. Се чинеше дека прашањето за давањето политичко прибежиште на Михајлов во Полска сепак не нашло позитивно решение.

И во тој критичен момент турската страна се решила на енергични дејства. Кога разбрала за анулирањето на визата, истата вечер со сила го качила Михајлов на полскиот трговски брод "Левант" кој патувал за Гдиња и по пат планирал да намине во Солунското пристаниште за да натовари тутун. Сите обиди на полските претставници во Турција да издејствуваат кај месните власти поништување на решението за принудна депортација на И. Михајлов завршиле со неуспех. Директорот на полицијата во Истанбул отворено му изјавил на полскиот вицеконзул дека добил соодветни наредби од Анкара и затоа не може да дозволи враќање на И. Михајлов во Турција.

Од тој момент прашањето за судбината на И. Михајлов станало проблем на полската страна. Како што укажувал А. Тарновски во својата телеграма испратена на 25 август од Софија, во случај полскиот брод да намине во кое било југословенско пристаниште, Михајлов веднаш би бил уапсен како државен престапник и тогаш Македонците и Бугарите би биле убедени дека го намамиле во стапица. Полската страна не сакала да се реши на таков чекор. Документите што ги користевме не даваат јасен одговор на прашањето зошто полското Министерство за надворешни работи не се обидело да најде излез од деликатната ситуација која настапила како резултат на незаконските дејства на турските власти. Тешко дека во овој случај некаква улога играле обѕири на моралот, честа или сочувството кон политичкиот емигрант. Се чини дека таквиот расплет на интригата и одговарал на полската дипломатија. Тој ѝ овозможувал лесно да се оправда пред југословенската страна и притоа да не ги прекрши своите обврски кон Бугарите кои не се спротивставувале на заминувањето на Михајлов во Полска[11]. За тоа сведочи и фактот дека полскиот вицеконзул В. Рихлевич своето известување за дејствувањето на

---

[10] Ibid., 270-271.

турската полиција го испратил во Варшава дури на 22 август, т.е. на денот на испловувањето на "Левант" од Истанбул.

Реакцијата на Варшава на телеграмата на А. Тарновски од 25 август била молскавична. Истиот тој ден М. Арцишевски ѝ порачал на амбасадата во Каиро да го пресретне "Левант" во Александрија, да му врачи на неговиот капетан писмо со потпис на пратеникот кое му забранувало да навлегува во територијалните води на Југославија, и да му издаде на И. Михајлов влезна виза за Полска.

Истиот ден била добиена нова телеграма од Софија, овојпат адресирана до министерот за надворешни работи, J. Бек, во која А. Тарновски ја пренесувал молбата на раководителите на ВМРО капетанот на "Левант" во никој случај да не навлегува во југословенските и грчките пристаништа и да не го предава И. Михајлов, ако тоа го побара некаков воен брод на отворено море. Многу е симптоматично тоа што полското Министерство за надворешни работи, кое од мај се занимавало со проблемот на Михајлов, до 27 август не се заинтересирало за односот на Грција спрема раководителот на ВМРО каде што, како што се покажа, тој исто така бил осуден на смртна казна[12].

Заминувањето на И. Михајлов од Турција на полскиот брод предизвикало раздразнетост на Југославија. Полскиот пратеник во Белград, Р. Дембицки, во своето писмо до М. Арцишевски од 5 септември известувал за незадоволството на принцот-регент Павле и владините кругови во Југославија од решението на Полска кое што му било отворено продемонстрирано на 21 август. Ситуацијата донекаде се подобрила откако во Белград станале познати подробностите за депортацијата на Михајлов од Турција, но сепак останале одредени стравувања. Тие се однесувале на тоа што Михајлов, откако би се ослободил од строгиот надзор кој што бил воспоставен над него во Турција, би се вратил на активната дејност, штетна за југословенско-бугарските односи. Уште поголема вознемиреност предизвикувала можноста И. Михајлов да воспостави контакти со Советскиот Сојуз, кои "би му овозможиле да ја обнови дејноста штетна за мирот во тој дел на Европа", т.е. на Балканот. Во врска со тоа Дембицки забележувал дека "таквите расположенија би можеле, се разбира, да се наречат хистерија или психоза, но тоа е важен факт на кој треба да се смета". Многу важно сведоштво во корист на претпоставката за постоењето кај полската страна сопствени значајни аргументи во корист на одобрувањето влезна виза на И. Михајлов е следниов дел од писмото на полскиот пратеник: "Сметам за своја должност особено да истакнам дека одбивањето да го решиме прашањето на Ванчо Михајлов во согласност со постојаните молби на југословенската влада ќе има

---

[11] Ibid., 274-278.

[12] Ibid., 274.

далекусежни последици за полско-југословенските односи. Дури и да постојат лични политички резони, според кои Полска не сакала да гиземе предвид таквите молби на Југославија, тие би требало да бидат многу сериозни за да го компензираат губењето на партнер, каков што е за нас Југославија. Зашто расположението на владата и тукашното општество би биле во однос на Полска просто непријателски, бидејќи ова прашање овде не може да се разгледува рационално". Во случај на одбивање да се задоволи југословенската молба пратеникот барал дозвола на кратко да допатува во Варшава, заради личен извештај во врска со дадениот предмет[13].

Дури и толку вознемиреното обраќање на Дембицки до Министерството за надворешни работи не ги изменило ставовите на неговото раководство во врска со предметот на И. Михајлов. На 16 септември било одржано советување на претставниците на Министерството за надворешни, внатрешни работи и разузнавачкиот оддел на II оддел на Главниот штаб за прашањето на престојот на Михајлов во Полска, на кое биле дефинитивно усогласени основните технички прашања поврзани со контролата на исполнувањето на преземените обврски од Михајлов. За тоа биле задолжени Министерството за внатрешни работи и II оддел на Главниот штаб. Било решено Михајлов да се насели под туѓо презиме во Чарнецка Гура на Конецкиот повјат, Келецкото војводство. И Министерството за надворешни работи издејствувало да се надоместат штетите на компанијата "Жегюуга Польска" на сума од 17213,66 злоти настанати поради тоа што капетанот на "Левант" бил присилен да се откаже од влегувањето во Солун за да натовари тутун[14].

Михајлов стигнал во Полска на 22 септември 1938 година и таму останал до почетокот на Втората светска војна.

---

[13] Ibid., 282.

[14] Ibid., 294-296.

Г. Ф. Матвеев

# ПОЛЬСКАЯ ДИПЛОМАТИЯ И ИВАН МИХАЙЛОВ В 1938 ГОДУ

## (Р Е З Ю М Е)

Жизнь и деятельность Ивана Михайлова, долгие годы являвшегося лидером ВМРО, давно привлекает самое пристальное внимание историков и публицистов. С 1918 года он постоянно пребывал в Болгарии, но после государственного переворота в этой стране и создания правительства К. Георгиева, поставившего задачу искоренения ВМРО, И. Михайлов вынужден был скрываться, а затем нелегально перейти турецкую границу. В Турции, под строгим надзором полиции, он находился 4 года. В 1938 году турецкий министр внутренних дел в беседе с болгарским посланником настаивал на том, чтобы Болгария либо дала ему амнистию, либо добилась для него визы в какую-либо другую страну. Так, в качестве возможной страны пребывания Михайлова была выбрана Польша. 23 мая 1938 года была передана просьба И. Михайлова к польскому правительству предоставить ему убежище в этой стране. Министром иностраных дел Польши было принято положительное решение, под условием отказа Михайлова от ведения всякой политической деятельности с территории Польши. Тогда возник вопрос по какому документу он мог бы вьехать в Польшу, так как был политическим эмигрантом без гражданства. Лучшим решением проблемы оказалась выдача Михайлову турецкого нансеновского паспорта. После этого последовали возражения со стороны польского отдела безопасности, располагавшего сведениями о контактах ВМРО с украинскими националистическими организациями, как и возражения югославского правительства в связи с тем, что он-помимо других преступлений принимал участие в убийстве короля Александра. Виза была аннулирована, но турецкая сторона насильно доставила Михайлова на борт польского торгового судна "Левант". И. Михайлов прибыл в Польшу 22 сентября 1938 года и находился здесь до начала Второй мировой войны.

Превод и изработка на резимето
Тронда Пејовиќ